4806

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
26. XI. 1967

Пишува Симон Шемов

Несекојдневна ликовна манифестација

● Изложба на современата македонска скулптура во Уметничката галерија

Изложбата на современата македонска скулптура е убав напор да се даде пресек на македонската скулптура со еволутивната линија од првите почетоци до денешната нејзина покомплексна состојба. А скулптурата во македонската уметност до неодамна стоеше во сенката на сликарството и на ДЛУМ-овите изложби најчесто претставуваше формален настан, така што оваа изложба дојде во право време, бидејќи македонската скулптура бара потполна афирмација. Таа тоа и го заслужува и како ретко која манифестација досега обелодени една ликовна гранка на која ѝ се обрнуваше мало внимание.

Манифестацијава гледана и како автономен настан, независно од нејзиното вонредно значење, донесува многу новини и пријатни изненадувања. Покрај веќе познатите скулптори и веќе афирмирани во нашата јавност како оформени творечки физиономии, на изложбата се претставени и најмладите кои се на пат да се пронајдат себеси како творци. Кај некои се насетува оформена личност а главно сите овие млади уметници се наоѓаат во истражување и токму тие истражувања претставуваат скапоцени новости на оваа изложба.

На изложбата може да се види и познатата скулптура „Јама" од **Димче Тодоровски**, наградена со Ноемвриска награда во 1961 година. Оваа скулптура е една од најрепрезентативните остварувања на овој наш познат вајар, преку која јасно е заокруглена личноста на уметникот, вертуозен и зналец да ги изрази сите пластични промени на човековото тело со една студиозност и творечка дисциплина карактеристична за сите добри мајстори на скулптурата. Исто така забележителни се и пластичните обиди на **Борис Николовски** заради едноставноста на чисто ликовниот израз и љубопитството што го пројавува неговиот пластичен усет, банално препоедноставената форма — навидум натурална да ја варира во најразлични композициски аранжмани.

Стеван Маневски кој годинава е добитник на наградата за скулптура на Третото југословенско триенале, а нам ни е познат од неколкуте негови самостојни и многубројните групни изложби, на оваа изложба се претставува со една скулптура која сведочи за авторовата висока креативна способност. Оваа скулптура квалитетно многу одскокнува од поголем број изложени експонати и е убав пример за вајарите кои работат во метал — како пластичноста може да се одржи како примарна естетска категорија во скулптурата и покрај специфичниот авторов третман и специфичноста на техничкиот материјал.

Меѓу излагачите посебно место зазема младиот вајар **Васил Василев** кој со своите истражувања се презентира како специфична појава кај нас. Неговиот усет за пластичност е засилен, во креативниот израз е одмерен и со завидна вајарска култура, во неговиот композициски аранжман провејува лиризам а сензибилната структура на јадрата форма дополнета колористички и со зрела техника, најавува и веќе претставува нова творечка личност во македонското вајарство.

Димче Коцо прави обиди во сите ликовни гранки и техники а со изложбените портрети „I" и „II" слободно може да се одмерува со оваа група македонски вајари и воопшто да застане меѓу најдобрите. Неговите портрети потсетуваат на непознати кукни божества од прастари култури, тие се јасно одредени како стилизација и прецизни во финалната ликовна порака.